Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто и педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 28 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2023 година**

Седницата се одржа во два дела.

Првиот дел од седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорти врски.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваад-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

Првиот дел од седницата заврши во 13:05 часот.

Вториот дел од седницата започна во 17:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствувааФатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа иВикторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Васко Стефанов, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

На седницата не присуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со дополнување и прилози и со Предлог-одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со дополнување и прилози и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија, со заклучок во членот 3 да се додаде нов став 3 кој да гласи:
„Неискористените средства од членот 1 од оваа одлука, согласно намената утврдена во член 3 став 1, да се вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.“.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да достави извештај за трошењето на добиените средства од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

1.Владата по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, утврден на Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање.

2. Решението за формирање на комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари.

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало.

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:15 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **dr. Artan Grubi** |